LULUDI
Romani Asocijacija Džuvljenge thaj Ternenge
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Roma Women and Youth Association

# АНАЛИЗА НА НАОДИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ПЕРЦЕПЦИИТЕ И СФАЌАЊАТА НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ/КИТЕ ЗА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

LULUDI
Romani Asocijacija Džuvljenge thaj Ternenge
Ромска Асоцијација за Жени и Млади
Roma Women and Youth Association

Издание на: Ромска Асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“, Скопје, Мај 2021 година.

Автор: Гродана Несторовска

Уредник: Катерина Конеска Танкосиќ

Истражувањето е иницирано од:

Кјмет Амет - Претседателка на РАЖМ „ЛУЛУДИ“

Инес Џемаил - Проектна координаторка

Во рамки на проектот „Сите заедно во спречување на трговијата со деца и девојки“.

Годишниот план за работа на РАЖМ „ЛУЛУДИ“ е поддржан од Цивика мобилитас. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на РАЖМ „ЛУЛУДИ“ и авторите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

CIVICA MOBILITAS

Проектот „Сите заедно во спречување на трговијата со деца и девојки“, финансиски поддржан од Европска Унија и Советот на Европа, во рамките на заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа - Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција (Horizontal facilitiy II) 2019-2022 година.

© 2021 Совет на Европа. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови. Ниту еден дел од публикацијата не смее да се преведува, репродуцира или пренесува, во кој било облик или со кое било средство, електронско (ЦД-ром, Интернет, итн.) или механичко, вклучително и фотокопирање, снимање или каков било систем за складирање или повлекување на податоци, без претходно писмено одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Стразбург Цедекс или publishing@coe.int).

Публикацијата е изготвена со помош на финансиски средства на Европската Унија и Советот на Европа. Содржината на публикацијата на никаков начин не може да се смета дека го одразува официјалното гледиште на Европската Унија и на Советот на Европа.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

# БЛАГОДАРНОСТ

Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“ и истражувачите упатуваат благодарност до сите соработници кои беа вклучени во ова истражување, а посебна благодарност до ученичките/учениците од училиштата кои учествуваа на едукативно-превентивните работилници за трговија со луѓе и кои го пополнија прашалникот и одвоија време да ги споделат своите искуства, мислења и ставови, како и на училиштата и училишниот менаџмент и кадар кои го поддржаа и следеа учеството на нивните ученици на работилниците.

Употребените зборови со граматички машки род се однесуваат на лица од двата пола, освен ако не е поинаку нагласено.

# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“ е невладина, доброволна, непрофитна, непартиска и независна граѓанска организација која делува на територијата на Република Северна Македонија. Основана е во 2001 година како потреба за промена и како поддршка за предизвиците со кои се соочуваат жените и младите Роми во Македонија.

Општите цели и задачи на здружението е да создава услови и организиран настап за постојани активности на жените и младите, како и да ги следи, проучува и иницира прашањата што бараат општествено разрешување, а непосредно се поврзани со унапредување на општествено-економската положба на жените и младите.

Во своето долгогодишно делување, РАЖМ „Лулуди“ цели кон подобрување на статусот на жената Ромка и младите Роми во општеството и семејството, преку нивно целосно вклучување во општествените текови, а во соработка со други организации и институции на локално, национално и меѓународно ниво.

# СОДРЖИНА


ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА 4

ВОВЕД 6

ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП 8

УЧЕСНИЦИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО 12

НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 14

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 27

ПРИЛОЗИ 29

# ВОВЕД

Оваа анализа е дел од проектот „Сите заедно во спречување на трговијата со деца и девојки“ кој го спроведува Ромската асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“, во периодот од септември 2020 до мај 2021 година. Овој проект е финансиски поддржан од Европската Унија и Советот на Европа во рамките на заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа - Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022 г.

Главна целна група на проектот се млади лица – средношколци, од 15 до 19 годишна возраст кои живеат во општините Скопје, Тетово, Штип, Прилеп и Куманово.

Специфичните цели на проектот имаат за цел да го зголемат и учеството на децата и младите во спречување и борба против трговија со деца на локално и национално ниво во препознавање и пријавување на можните инциденти и случаи на трговија со деца, особено во заедниците во ризик.

За постигнување на целите на проектот, беа спроведени повеќе активности како:

- Работилници со учениците од училиштата од соодветните општини кои се вклучени во проектот на кои беа разгледувани и дискутирани повеќе прашања поврзани со видови на трговија со луѓе и соодветна превенција од истата. За време на работилниците беше поделен прашалник на учаниците, чии резултати се претставени во оваа анализа.
- Подготовка на промотивни активности водени од младите. Овие промотивни активности се спроведоа преку подготовка и промовирање на кратки промотивни видеа (времетраење од 2 – 3 мин.) кои ќе се користат како дел од кампања за борба против трговијата со луѓе. Со оглед на тоа што една од целите е да се зајакнат младите особено девојките да бидат дел од превенцијата од трговија со луѓе, а особено модерите форми на трговија, поготовката на видеата односно на сценаријата беше направена од страна на учениците кои ја имаа поминато работилницата и кои изразија посебна желба, интерес и мотивација да се вклучат во подготовката

на овие видеа. Во процесот на креирање на видеата беа вклучени педесетина ученици од различен пол и различни етнички заедници.

Проектот е во согласност и со препораките на ГРЕТА (Групата на експерти за акција против трговија со луѓе за следење на имплементација на Конвенцијата), за продолжување со активности за подигање на свеста меѓу професионалците и општата јавност во делот на дефинирање на трговијата со луѓе, како и разликата и поврзаностите меѓу трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти. Како што се наведува во извештајот на ГРЕТА, децата претставуваат најголем дел од бројот на идентификувани жртви во Македонија. И покрај напорите во доменот на едукација и подигање на свеста, како и мерките за намалување на ранливоста на децата спрема трговијата со луѓе, децата од маргинализираните групи, особено децата Роми, и натаму остануваат чувствителни на трговијата со луѓе. Поткревањето на свеста треба и натаму за цел да ги има ранливите групи и да ја информира пошироката јавност за облиците на трговија со луѓе кои се појавуваат, како што се на пример трудовата експлоатација, принудното просење, принудното вршење кривични дела и трговија во рамките на земјата.

# ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Истражувањето за прецепцијата и сфаќањата на средношколците беше спроведено со цел обезбедување податоци и информации за предзнаењата на младите за поимот на „трговија со луѓе“, за облиците на трговија со луѓе, препознавање на трговците со луѓе, потенцијални жртви на трговија со луѓе за повеќе аспекти од животот на децата во државата, проблемите со кои децата се соочуваат и работите кои тие сметаат дека треба да се подобрат.

Целта на оваа анализа е да даде приказ на перцепциите и сфаќањата за трговијата со луѓе на средношколците кои беа вклучени во овој проект и кои учествуваа на едукативно-превентивните работилници кои се одржаа во месец декември 2020 година, исто така во рамките на овој проект. Наодите од оваа анализа односно заклучоците и препораките треба да влијаат на релевантните институции истите да ги прифатат и признаат како релевантни за спроведување на идни активности и мерки.

За да се добие појасна слика од испитаниците, беа поставени сет од неколку групи на прашања, и тоа:

1. Прашања кои се однесуваат на запознаеност со феноменот на трговија со луѓе и нејзините облици;
2. Потоа кој се може да биде жртва на трговија со луѓе, кои се најчесто жртви, како тие се вовлекуваат во ланецот на трговија со луѓе;
3. Каде трговците со луѓе најчесто ги наоѓаат, како ги врбуваат потенцијалните жртви на трговија со луѓе и кој може да биде трговец со луѓе, со осврт на врбување на потенцијалните жртви преку интернет и социјални мрежи;
4. Прашања за постоење/состојба на трговија со луѓе во Македонија;
5. Прашања кои се однесуваат на начините како младите се информираат за трговијата со луѓе и начините на превенција и пријавување на можни случаи на трговија со луѓе.

Сепак би сакале да подвлечеме дека ова истражување нема за цел да даде слика за состојбата во оваа област во цела држава, туку да даде приказ за перцепцијата кај учениците кои беа вклучени во самиот проект, поточно во едукативно-превентивните работилници и

да маркира одредена тенденција на која треба да се обрати посебно внимание и подетално да се испита на национално ниво.

При дизајнирање на прашалникот, се тргна од дефиницијата за трговија со лица која произлегува од Протоколот на ОН за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица, особено жени и деца, од 2000 година, познат како Протокол од Палермо, член 3:

„а) Трговија со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или со употреба на сила или други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување или со злоупотреба на моќ или на состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнување на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице, заради потребите на експлоатација.

Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум, ја опфаќа експлоатацијата на проституцијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропството, слугување или вадење на органи.

б) Согласноста на жртвата на трговија со луѓе поради намерата за експлоатација предвидена во точката (а) на овој член нема да биде релевантна онаму каде што е употребен некој од начините определени во точката (а).

в) Регрутирањето, превезувањето, трансферот, засолнувањето или прифаќањето на дете за потреби на експлоатација ќе се сметаат за „трговија со луѓе” дури и кога тоа не вклучува некој од начините определени во точката (а) на овој член.

г) Поимот „дете“ значи секое лице кое е на возраст под осумнаесет (18) години.”

Наодите од истражувањето ќе послужат како појдовна основа во подготовката на следни активности како од страна на РАЖМ „Лулуди“, така и од страна на други граѓански организации и институции надлежни за едукација на младите и за превенција од трговија со луѓе.

Податоците беа собрани во месец декември, 2020 година, преку анкетен прашалник кој беше администриран онлајн, преку платформата *Google*. Прашалникот го пополнуваа учениците кои учествуваа на превентивно-едукативните работилници, пред самиот почеток на работилниците кои се одвиваа онлајн, преку пратфомата *Zoom*.

Пред почетокот на анкетниот прашалник беа презентирани основни информации во врска со истражувањето кои се неопходни за обезбедување информирана согласност за учество, како и насоки за негово пополнување. На учениците им беше нагласено дека прашалниците нема да бидат јавно достапни и дека прашалникот е анонимен што значи не треба да го впишуваат нивното име и презиме. Добиентите податоци ќе бидат прикажани збирно и искористени исклучиво за потребите на проектот „Сите заедно во спречување на трговијата со деца и девојки“ имплементиран од страна на Ромска асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ“.

Прашалникот се состоеше од дел за општи податоци и 15 прашања, поделени во четири тематски целини: запознаеност со поимот трговија со луѓе и препознавање на облиците на трговија со луѓе; жртви на трговија со луѓе; трговци со луѓе и превенција од трговија со луѓе.
Анкетниот прашалник содржеше отворени и затворени прашања во различни формати (со можност за избор на еден од понудените одговори, со можност за избор на повеќе од понудените одговори), како и комбинирани (со можност за допишување на свој одговор, покрај наведените). Ова овозможи собирање податоци и од квантитативна и од квалитативна природа. Статистичка обработка на податоците беше направена со статистичката програма *SPSS* и во *Excel*.

Оваа анализа дава два аспекта на гледање и тоа од страна на фасилитаторите/обучувачите кои ги спроведуваа работилиците и од страна на младите кои беа учесници на работилниците и за кого истите беа наменети.
Воедно, една од суштинските работи на спроведената евалуација/истражување е објективно да се потврди значењето на ваквиот или сличен вид на работилници кога е во прашање превенцијата од трговија со луѓе.
Друга цел на ова истражување е да се дојде до конкретни заклучоци и препораки со кои ќе се подобри нивото на квалитет на работилниците во иднина, секако доколку се покаже дека има потреба за ваков вид на едукација.
Трета цел е да се адаптира работилницата по мерка на учесниците, односно на оние за кои е наменета.

Со цел да се добијат релевантни податоци за перцепцијата и сфаќањето за трговијата со луѓе од учениците кои беа вклучени во работилниците, беше спроведен овој прашалник.

Истражувањето/анализата се спроведе меѓу ученици на возраст од 14 до 19 години, односно ученици и ученички од прва до четврта година од десет средни училишта од пет општини во Македонија, и тоа:

- од Прилеп: СОУ „Орде Чопела“ и СОУ „Ѓорче Петров“;
- од Тетово: СОУ „Никола Штејн“;
- од Скопје: СУГС „Шаип Јусуф“ и СУГС „Арсени Јовков“;
- од Куманово: СОУ„Перо Наков“ и „Наце Буѓони“;
- од Штип: СОУ „Димитар Мирасчиев“, СОУ „Коле Нехтенин“ и СОУ „Јане Сандански“.

# УЧЕСНИЦИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

## ВКУПЕН БРОЈ НА ИСПИТАНИЦИ

Од вкупниот број учесници на работилниците според податоците, 411 средношколци го имаат пополнето прашалникот, од кои 403 комплетно го имаат пополнето прашалникот, а 8 биле не комплетни. За потребите на оваа анализа се обработени 403 прашалници кои се комплетно пополнети.

## ДЕМОГРАФСКИПОДАТОЦИНАУЧЕНИЦИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО АНКЕТАТА СПОРЕД ПОЛ

Во однос на полот, од вкупниот број на испитаници кои одговориле на прашалникот, 403, машки се 107 односно 26.55 %, а женски се 296 или 73.45%. Ваквата разлика во соодносот меѓу машки и женски се должи на тоа што согласно целната група на самиот проект, поголем фокус беше ставен на девојките, поточно на девојките Роми. Ова е видливо и од демографските податоци на учесниците во однос на етничката припадност каде што учеството на Ромите е со 28.29% што е приближно на 1/3 од вкупниот број учесници.




*Графикон 1 - Демографски податоци на учениците вклучени во анкетата според пол*

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО АНКЕТАТА СПОРЕД ВОЗРАСТ

Во однос на возраста на учесниците, во истражувањето беа вклучени ученици средношколци на возраст од 14 до 19 години, а нивната просечна возраст изнесува 16.4 години. Подетален приказ е даден подолу во табелата.

| Возраст на испитаниците | Бр. На испитаници | Процент | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| 14 год. | 12 | 2.98% | 1 | 11 |
| 15 год. | 92 | 22.83% | 23 | 69 |
| 16 год. | 110 | 27.30% | 28 | 82 |
| 17 год | 101 | 25.06% | 31 | 70 |
| 18 год | 85 | 21.09% | 24 | 61 |
| 19 год | 3 | 0.74% | 0 | 3 |
| Вкупно | 403 | 100.00% | 107 | 296 |

*Табела 1 - Демографски податоци на учениците вклучени во анкетата според возраст и пол*

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА УЧЕНИЦИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО АНКЕТАТА СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

Во однос на етничката припадност, од вкупниот број на испитаници, 53.10 % се Македонци, 28.29% Роми, 8.44% Албанци, 3.97% Босанци и останатиот процент отпаѓа на други етнички заедници. Соодносот на машки и женски во однос на етничката припадност е достапен во табелата која што следи.

| Етничка припадност | Број | Процент | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 214 | 53.10% | 61 | 153 |
| Албанци | 34 | 8.44% | 3 | 31 |
| Роми | 114 | 28.29% | 32 | 82 |
| Босанци | 16 | 3.97% | 4 | 12 |
| Власи | 4 | 0.99% | 3 | 1 |
| Срби | 6 | 1.49% | 2 | 4 |
| Турци | 14 | 3.47% | 2 | 12 |
| Хрвати | 1 | 0.25% | 0 | 1 |
| Вкупно | 403 | 100.00% | 107 | 296 |

*Табела 2 - Демографски податоци на учениците вклучени во анкетата според етничка припадност и пол*

# НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Тема 1 – Запознаеност со поимот „трговија со луѓе“ и препознавање на облиците на трговија со луѓе

Во овој дел разгледувавме дали и колку средношколците со запознати со поимот трговија со луѓе и нивно препознавање на најзастапените облици на трговија со луѓе.

Па така, на прашањето „Дали сте запознаени со терминот трговија со луѓе?“, ¾ од учениците одговориле со ДА, односно дека се запознаени со поимот трговија со луѓе, 14.14% одговориле дека не се запознаени и 10.67% не знаат. Ситуацијата не се разликува многу иако ова прашање го разгледуваме преку социо-демографските податоци.




*Графикон 2 – Запознаеност на учениците со поимот трговија со луѓе*

Она што може да се согледа е дека иако голем процент од учениците одговориле дека се запознати со поимот трговија со луѓе, одговорите на подеталните прашања околу формите на трговија со луѓе покажуваат потреба од детално разјаснување на младите што сè се подразбира под трговија со лица. Па така, средношколците се релативно сигурни кога станува збор за: вадење и препродавање на делови од човечкото тело (80.89%), проституцијата (68.24%) и различни форми на сексуална експлоатација (67%). Но, не се сигурни кога станува збор за принудна работа или пракси слични на ропство и илегална работа во странство. Оттука можеме да согледаме дека посебно внимание во понатамошните активности за подигање на свеста треба да се посвети и на фактот што значителен број на младите присилната работа заради враќање на долг или позајмица не ја перцепираат како форма на трговија со луѓе.




*Графикон 3 – Препознавање на облиците на трговија со луѓе од страна на учениците*

Ова прашање дава слика за „препознавањето" на трговијата со луѓе- речиси рамномерниот сооднос помеѓу одговорите *Не – Не знам*, индицира дека младите не се доволно информирани за формите на трговија со луѓе.

## Тема 2 - Жртви на трговија со луѓе и препознавање на потенцијални жртви на трговија со луѓе

Во овој дел прашањата се однесуваа на тоа кој сè може да биде жртва на трговија со луѓе, кои се најчесто жртви, како тие се вовлекуваат во ланецот на трговија со луѓе.

На прашањето кое се однесуваше на тоа кои се може да бидат жртви на трговија со луѓе, младите во голем број препознаваат дека секој може да биде жртва на трговија со луѓе. Дури 76.43% одговориле дека секој може да стане жртва на трговија со луѓе. Како најризични ги издвојуваат: децата без родители (47.89%), жените (46.40%), сиромашните и необразовани (33%) и Ромите (25.81%).




*Графикон 4 – Перцепција на учениците за потенцијални жртви на трговија со луѓе според социо-економскиот статус*

Најголем број од жртвите на трговија со луѓе според возраста, младите сметаат дека се девојчињата на возраст од 14 до 18 години, а по нив се децата од 1 до 14 години, потоа девојките од 19 до 25 години, па момчиња од 14 до 18 години.




*Графикон 5 – Перцепција на учениците за број на жртвите на трговија со луѓе според возраста на жртвата*

Сепак, и покрај препознавањето на потенцијалните жртви, младите не се баш сигурни дали жртвите на трговија со луѓе се самите виновни што се нашле во таква ситуација.

Па така, на прашањето: Дали сметате дека жртвите на трговија со луѓе самите се виновни што се нашле во таква ситуација?, 16.38% од младите сметаат дека жртвите се самите виновни, а 19,85% одговориле дека не знаат.




*Графикон 6 – Перцепција на учениците за жртвите на трговија со луѓе*

Младите препознаваат дека трговците ги привлекуваат потенцијалните жртви со лаги и со измами (прашање 6), па така, на прашањето: „Дали сметате дека жртвите на трговија со луѓе се привлекуваат/намамуваат со измами и лажни ветувања (на пример: понуда за добро платена работа во странство како бебиситерки, градежни работници или понуди за брак)?“, 79.65% од испитаниците се изјасние позитивно, 14,9% не знаат и 5,46% се изјасниле негативно.




*Графикон 7 – Перцепција на младите за начинот како се првлекуваат жртвите на трговија со луѓе*

Покрај измамите и лагите, средношколците не се сигурни дали жртвите се секогаш свесни за ризикот кога ги прифаќаат понудите за „работа“. Така, 52,6% сметаат дека не се свесни за ризикот, 23,6% сметаат дека сепак се свесни и 23,8% не знаат.




*Графикон 8 – Прецепција на учениците за свесноста на жртвите на трговија со луѓе за ризикот што го преземаат со прифаќање на понуди за „работа“*

## Тема 3 – Најчести начини на врбување на потенцијалните жртви на трговија со луѓе и препознавање на трговците со луѓе

Во овој дел беа поставени прашања преку кои би се добила слика за тоа како младите размислуваат каде трговците со луѓе најчесто ги наоѓаат и следат потенцијалните жртви, кој сè може да биде трговец со луѓе и како би можеле истите да се препознаат.

Младите релативно добро ги препознаваат начините на кои „трговците“ ги следат и привлекуваат потенцијалните жртви. Тие се свесни дека трговците со луѓе ги наоѓаат и следат своите потенцијални жртви најмногу преку социјалните мрежи (72,21%). Младите сметаат дека трговците со луѓе ги наоѓаат и следат своите потенцијални жртви на улица – 58,06%, во маалото- 36,48%,  во училиштето 37,72%, на игралиште: 26,8%, и во кафеана 18,36%, а скоро толку (18, 86%) се изјасниле дека не знаат.




*Графикон 9 – Видување на младите каде трговците со луѓе најчесто ги наоѓаат потенцијалните жртви*

Младите не се сигурни дали би можеле да препознаат потенцијален „трговец“ и жртва на трговија со луѓе (30% одговориле со *Не* и 41,4 со *Не знам*).




*Графикон 10 – Перцепција на младите дали може да препознаат потенцијален „трговец“*

Во однос на тоа кој би можел да биде трговец со луѓе, младите препознааат дека тоа може да биде и некој кој им е близок (31,3%), додека 41,7% сметаат дека тоа не може да биде некој нивни роднина или позната личност (познаници, пријатели и сл.).




*Графикон 11 – Перцепција на младите за тоа кој може да биде трговец со луѓе*

## Тема 4 – Состојба на трговијата со луѓе во Македонија

Овој сет на прашања се осврна на тоа дали средношколците мислат дали во Македонија се случува трговија со луѓе и ако се случува кои се најчесто жртви, односно дали се македонски државјани, странски државјани или пак се и едните и другите.

Од информациите што ги имаат, младите се свесни дека и во Македонија се случува трговија со луѓе и дека тоа можат да бидат и домашни и странски државјани. Така , на прашањето „Дали во државава се случува трговија со луѓе?“, позитивно одговориле 69,2%, негативно одговориле 2% и 28,8% одговориле дека не знаат.




*Графикон 12 – Перцепција на учениците за тоа дали има трговија со луѓе во Македонија*




*Графикон 13 – Перцепција на учениците за жртвите на трговија со луѓе по потекло*

## Тема 5 – Превенција и пријавување на можни случаи на трговија со луѓе

Со цел креирање на соодветни активности за подигање на свеста кај младите за трговијата со луѓе, дел од групата прашања во прашалникот се однесуваат и на тоа од каде младите добиваат информации и дали знаат каде да се обратат доколку се самите жртви, или пак приметат некој случај.




*Графикон 14 – Од каде младите најчесто добиваат информации за трговијата со луѓе*

Младите, информациите за опасноста од трговијата со луѓе најчесто ги добиваат од социјалните мрежи (76,43%), Интернет (73,70%) и телевизијата (65,01%), а многу помалку од училиште (35,24%), од пријатели (25,06%) и од радио (9,43%).

Овој одговор потврдува уште еднаш дека младите најголем дел од своето време поминуваат на Интернет и на социјалните мрежи, па оттаму и најголемиот дел од информациите ги добиваат од овие медиуми. Но, треба да се има предвид и фактот дека се почесто и најголем дел од трговците со луѓе ги регрутираат своите потенцијални жртви преку социјалните мрежи. Од ова, можеме да заклучиме дека потребна е поголема едукација на младите за сајбер безбедноста, како да се заштитат себе си и своите податоци на Интернет, како да препознаат потенцијални трговци, како да реагираат, каде да пријават и сл.

Средношколците на прашањето „Дали би помогнале на некој кој ви кажува дека се  наоѓа во ризик или во ситуација на трговија со луѓе?“ скоро ¾ одговориле дека би помогнале на некој кој им кажува или на некој друг начин им сигнализира дека се наоѓа во ризик од влегување во ланецот на трговија со луѓе, или пак веќе се наоѓа во таква ситуација. Ова покажува дека кај младите има одговорност за помош и поддршка и дека не се индолентни во однос на случувањата околу нив, туку се спремни да помогнат и да дадат поддршка особено на ранливите категории на граѓани.

Младите дури и споделија некои примери како би можело да им се помогне на лице/а кои се нашле во ваква ситуација. Еден од тие примери е претставен во едно од видеата кои го подготвија самите ученици, односно кога лице кое е жртва на трговија со луѓе и е принудено да питачи, подава рака со мал лист на кој пишува „*help*” (помош) на случаен минувач кој понатаму случајот го пријавува во полиција.




*Графикон 15 – Одговори на учениците дали би помогнале доколку некој им каже дека се наоѓа во ризик од трговија со луѓе*

Доколку забележат нешто сомнително или сакаат да помогнат на некој кој сметаат дека е жртва на трговија со луѓе, прв избор каде би се јавиле младите, според нивните одговори е полицијата. Дури 88.09% од младите одговориле дека ќе ја контактираат полицијата. 40.45% одговориле дека ќе пријават/разговараат со своите родители/старатели или друг близок член на семејството. 26.05% би пријавиле во невладина организација, односно на СОС телефон за жртви на трговија со луѓе,

21.09% одговориле дека ќе пријават кај социјален работник/социјална служба и само 11.66% би пријавиле во училиштето. Важно е да се нагласи дека воедно ова е прашање каде има најголем процент позитивни одговори од сите прашања од прашалникот, односно полицијата како орган е избрана со најмногу проценти. Ова укажува на тоа дека младите ја препознаваат улогата и надлежноста на полицијата како орган кој е директно одговорен за борбата против трговијата со луѓе.




*Графикон 16 – Каде би пријавиле младите доколу сакаат да помогнат на некој кој сметаат дека е жртва на трговија со луѓе*

Сметаме дека е важно да се подвлече дека во текот на дискусиите за време на работилниците, некои од учесниците изразија недоволна доверба во надлежните институции, па токму и затоа едена од препораките е и во иднина да се организираат ваков вид на превентивно-едукативни работилници во кои би биле поканети и претставници од надлежните инситуции за борба против трговијата со луѓе кои би споделиле директно како работат овие институции, која е нивната улога, како постапуваат по пријавен случај итн.

# ЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТИЛНИЦИТЕ

Во завршната евалуација на работилниците, учениците сами наведоа дека има потреба за дополнителна едукација од оваа област и одржување на повеќе работилници и за нивните соученици, дури и за учениците од основните училишта.
Во продолжение се дадени некои од предлозите на младите за понатамошни активности во оваа област што укажува за свесноста на младите за потребата од едукација. Младите се запознати си трговијата со луѓе, но само општо, без подетални познавања на случаи на трговија со луѓе, начини на превенирање и постапување во ризични ситуации. Сметаат дека потребно е повеќе да се обрати внимание на тоа како да се заштититат и како можеме сите заедно да допринесеме да се намали трговијата со луѓе.

- *Работилницита беше доста едукативна, но сметам дека треба да има работилница за потикнување на свеста за почитување на правата на луѓето.*
- *Потребно е вакво предавање да се одржи и во основните училишта кај деца кои што се помали од 15 години.*
- *Би можело да се обрне внимание и на други теми како булинг, сајбер булингот но и оваа тема, барем мене многу ме интересира и би сакала да работам и да ја подржувам понатака. Фала на предавањето и би била заинтересирана за повеќе вакви митинзи.*
- *Би било добро доколку се одржи работилница на тема: „Социјални мрежи“.*

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

• Можеме да согледаме дека иако голем процент од учениците (75.19%) одговориле дека се запознати со поимот трговија со луѓе, одговорите на подеталните прашања околу формите на трговија со луѓе покажуваат потреба од детално разјаснување на младите што сè се подразбира под трговија со лица. Особено потребно е подигнување на свеста за трудовата експлоатација, принудата за вршење кривични дела и принудното питачење.

• Што се однесува на мислењето на испитанците за можните начини на регрутирање на жртвите, особено внимание привлекуваат две работи – регрутирањето преку социјалните мрежи, што може да се земе дека е зголемено поради се поголемиот дел од времето кој младите го поминуваат на Интернет. Во таа насока, потребно е преку училиштата да се одржуваат дополнителни информативни сесии со учениците за користење на социјалните мрежи, начинот на заштита, но и начинот на пријавување на демнење, следење и вознемирување преку социјалните мрежи. Дел од класните часови можат да бидат наменети за дискусии на овие теми.

• Поквалитетна превенција во насока на аналитичко разгледување на проблемот на трговијата со луѓе и адаптирање на програмите за превенција на возраста и потребите на целните групи со што ќе се придонесе кон подобро препознавање на појавните облици на трговијата со луѓе, особено на посовремените и модерни форми или т.н. сајбер/технолошки појавни форми.

• Потребна е дополнителна едукација во делот на превенција односно како да се препознае трговија со луѓе, прикажување и разработка на конкретни случаи.

• Споделување на позитивни примери каде што се превенирани можни случаи на трговија со луѓе, особено со млади.

• Поголемо вклучување на надлежните органи во едукација на младите, особено на полицијата, со што младите подетално би се запознале со работата на полицијата, начините на пријавување, итн.

• Вклучување на младите во врсничка едукација за трговијата со луѓе, но и за механизмите за заштита и пријавување.

• Неопходно е училиштата поангажирано да пристапат кон воведување и промовирање на програми за препознавање, пријавување и превенција од трговијата со луѓе кои континуирано ќе се спроведуваат како од страна на професорите/наставниците, така и од стручните служби во училиштата. Вклучувањето на родителите/старателите и учениците во спроведувањето на ваквите програми е предуслов за истите да бидат одржливи, односно дека ќе се развива свеста на сите засегнати страни за важноста од превенирање и намалување на трговијата со луѓе.

• Заради одредените стереотипи и предрасуди искажани од страна на некои ученици во однос на родовите улоги и односи, потребно е организирање на едукативни работилници за род, пол, стереотипи и прерасуди, како и општи работилници за запознавање со човековите права за средношколците, континуирано, во сите години од школувањето.

# ПРИЛОЗИ

Прилог 1
Листа на училишта вклучени во истражувањето

| | Училиште | Општина |
|---|---|---|
| 1. | СОУ „Орде Чопела“ | Прилеп |
| 2. | СОУ „Ѓорче Петров“ | Прилеп |
| 3. | СОУ „Никола Штејн“ | Тетово |
| 4. | СУГС „Шаип Јусуф“ | Скопје |
| 5. | СУГС „Арсени Јовков“ | Скопје |
| 6. | СОУ„Перо Наков“ | Куманово |
| 7. | СОУ „Наце Буѓони“ | Куманово |
| 8. | СОУ „Димитар Мирасчиев“ | Штип |
| 9. | СОУ „Коле Нехтенин“ | Штип |
| 10. | СОУ „Јане Сандански“ | Штип |

Прилог 2
Прашалник за учениците

## ПРАШАЛНИК ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Инструкции: Овој прашалник треба да биде пополнет од Ваша страна како учесник/чка на едукативна работилница за превенција на трговијата со луѓе која е наменета за средношколци/ки. Прашалниците нема да бидат јавно достапни. Прашалникот е анонимен што значи не треба да го впишувате вашето име и презиме. Добиените податоци ќе бидат искористени исклучиво за потребите на проектот „Сите заедно во спречување на трговијата со деца и девојки“, имплементиран од страна на Ромска асоцијација за жени и млади ЛУЛУДИ, кој е финансиски поддржан од Европската Унија и Советот на Европа и е под-грант во рамките на заедничкиот проект „Превенција и борба против трговија со луѓе во Северна Македонија“.
За повеќето од прашањата можно е повеќе од еден одговор што значи може да се изберат/заокружат повеќе одговори. Прашалникот се состои од 15 прашања. Потребното време за одговарање на сите прашања е околу 10 минути.
Ви благодариме!

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ за испитаникот/испитаничката**
1.Пол:
А) Женски Б) Машки

2.Етничка припадност:
А) Македонец/Македонка
Б) Албанец/Албанка
В) Ром/Ромка
Г)Турчин/Турчинка
Д) Србин/Србинка
Ѓ) Влав/Влаинка
Е) Босанец/Босанка
Ж) Друго______________________________

3.Година:
I II III IV

4.Колку години имате?___________________________

5.Училиште ___________________________

6.Општина ___________________________

## П Р А Ш А Л Н И К

1.Дали сте запознаени со терминот „трговија со луѓе“?

1.да
2.не
3.Не знам

2.Според вас, што од подолу наведеното може да се смета како трговија со луѓе?

| | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| 2-1 | Принудна работа или пракси слични на ропство (пример: слугување) | Да | Не | Не знам |
| 2-2 | Присилна работа заради враќање на долг или позајмица | Да | Не | Не знам |
| 2-3 | Вадење и препродавање на делови од човечкото тело | Да | Не | Не знам |
| 2-4 | Илегална работа во странство | Да | Не | Не знам |
| 2-5 | Проституција | Да | Не | Не знам |
| 2-6 | Различни форми на сексуална експлоатација (порнографија, проституција и тн) | Да | Не | Не знам |
| 2-7 | Присилни бракови | Да | Не | Не знам |
| 2-8 | Принуда за вршење криминални активности | Да | Не | Не знам |
| 2-9 | Принудно питачење | Да | Не | Не знам |
| 2-10 | Допишете: | | | |

3.Потенцијални жртви на трговијата со луѓе според социјално-економскиот статус се:
**(Заокружете најмалку три одговора)**

1.Само сиромашните луѓе
2.Само необразованите (тие што немаат завршено минимум средно образование)

3.Сиромашните и необразовани
4.Жените
5.Ромите
6.Деца без родители
7.Зависиници од droги и/или алкохол
8.Секој може да биде жртва на трговија со луѓе
9.Млади невработени и мажи и жени
10.Допишете доколку не се согласувате со ниту еден исказ од погоре наведеното:_________________________________

4.Најголем број од жртвите на трговија со луѓе се:
**(Заокружете најмалку три одговора)**

1.Деца под 14 годишна возраст ( од 1 до 14 години)
2.Девојчиња од 14-18 годишна возраст
3.Девојки од 19-25 годишна возраст
4.Жени над 25 годишна возраст
5.Машки деца од 14-18 годишна возраст
6.Момчиња од 19-25 годишна возраст
7.Мажи над 25 годишна возраст
8.Бебиња ( 0- 1 година)
9.Допишете доколку имате да додадете друга категорија која не е спомената погоре: _______________________________________________________

5.Дали сметате дека жртвите на трговија со луѓе се самите виновни што се нашле во таква ситуација?
1.да
2.не
3.Не знам

6.Дали сметате дека жртвите на трговија со луѓе се привлекуваат/намамуваат со измами и лажни ветувања (на пример: понуда за добро платена работа во странство како бебиситерки, градежни работници или понуди за брак)?
1.да
2.не
3.Не знам

7.Дали сметате дека жртвите на трговија со луѓе се свесни за ризикот што го преземаат кога ги прифаќаат понудите за “работа”?
1.да
2.не
3.Не знам

8.Дали сметате дека трговците со луѓе ги наоѓаат и следат своите потенцијални жртви:

**(Заокружете најмалку три одговора)**

1.Во маалото,
2.Во кафеаната,
3.На игралиште,
4.Во училиште
5.На пазар,
6.На улица
7.Преку социјалните мрежи како фејсбук, твитер, истаграм..
8.Не сум доволно информиран
9.Друго ________________

9.Од каде најчесто ги добивате информацииите за опасноста од трговијата со луѓе:

**(Заокружете најмалку три одговора)**

1.училиште
2.телевизија
3.радио
4.интернет
5.социјални мрежи
6.од пријатели
7.Друго: ________________

10.Дали во државава се случува трговија со луѓе?

1.да
2.не
3.Не знам

11.Дали сметате дека жртви на трговија со луѓе во Република Македонија се:

1.само странски државјани
2.Македонски државјани
3.и странски и македонски државјани
4.Не знам

12.Дали сметате дека можете да препознаете потенцијален „тргувач“ и жртва на трговија со луѓе?

1.да
2.не
3.Не знам

13.Дали сметате дека трговци со луѓе може да бидат ваши познати/роднини/другар/другарка/дечко/девојка?

1.Да
2.Не
3.Не знам

14.Дали би помогнале на некој кој ви кажува дека се наоѓа во ситуација на трговија?

1.да
2.не
3.Не знам

15.Каде би пријавиле доколку приметите нешто сомнително или сакате да помогнете на некого кој сметате дека е жртва на трговија со луѓе?

1.Полиција
2.Родители/старатели или друг близок член на семејството
3.Социјален работник/социјална служба
4.Училиштето
5.Невладина организација/ СОС телефон
6.Друго место (наведете) ________________________________________

ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ „СИТЕ ЗАЕДНО ВО СПРЕЧУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА И ДЕВОЈКИ“ погледнете на веб-страницата: www.luludi.mk

Проектот „Сите заедно во спречување на трговијата со деца и девојки“, финансиски поддржан од Европска Унија и Советот на Европа, во рамките на заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа - Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција (Horizontal facilitiy II) 2019-2022 година.

Веб-страница: http://horizontal-facility-eu.coe.int

Публикацијата е изготвена со помош на финансиски средства на Европската Унија и Советот на Европа. Содржината на публикацијата на никаков начин не може да се смета дека го одразува официјалното гледиште на Европската Унија и на Советот на Европа.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ